# СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
# ECONOMIC CHAMBER OF MACEDONIA

FS 549642

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 31.08.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 4232 | 1 | |

MMA Македонска Медиумска Асоцијација

До: Зоран ТРАЈЧЕВСКИ, Директор-АВМУ
СС: СДСМ
ВМРО-ДПМНЕ
ДУИ
ДПА
Американска Амбасада
Амбасадор на Европска Унија во Македонија
Датум: 31.08.2016
Предмет: Барање

Македонските комерцијални национални телевизии членки на ММА (Сител, канал 5, Телма, Алсат М и Алфа) се непријатно изненадени од методологијата која ја усвои АВМУ за мониторирањето на медиумите во текот на предизборната кампања.
Во изборниот законик кој е земен како правна основа врз која ќе се врши медиумскиот мониторинг за време на предизборната кампања, законски е пропишано да бидат мониторирани телевизиите, радијата и електронските медиуми (интернет порталите).
Иако при јавната дебата дадовме наши конкретни забелешки за повеќе моменти од Методологијата, од кои очигледно ниту една не е прифатена, сепак, во методологијата веќе усвоена од АВМУ, не е превиден мониторинг на електронските медиуми, односно интернет порталите.
Во причините што ги наведува АВМУ зошто не се исполонети предуслови за мониторинг на електронските медиуми , меѓу другите се наведува и дека не постои регистер на интернет портали, како и дека некои од правните лица кои би требало да бидат опфатени со категоријата интернет портали се регистрирани со друга дејност, а некои од порталите ги издаваат здруженија на граѓани. Со други зборови, затоа што немало законски рамки ниту правила на игра ниту како треба да работат интернет порталите, се заклучува и дека тие може да објавуваат што сакаат и кога сакаат без да има можност кон нив да биде изречена било каква санкција.
Наспроти нив за телевизиите, бидејќи работат според законските норми на Република Македонија, важат строги правила на мониторинг врз основа на кои можат да бидат етикетирани и казнувани.

Почитуван г-дин Трајчевски, ова ги доведува телевизиите во дискриминирана позиција во однос на интернет порталите, и дополнително форсира неприфатлива практика, оние што работат чисто и според закон да бидат предмет на мониторирање и евентуални казни доколку го повредат законот, а за другите, и при повреда на закон, истиот тој закон да не важи.

Димитрие Чуповски 13, 1000 Скопје, Република Македонија * П.Фах 324 * Телефон: (02) 3244000 * Факс: (02) 3244088
Dimitrie Cupovski 13, 1000 Skopje, Republic of Macedonia * P.O.Box 324 * Phone: + 389 2 3244000 * Fax: + 389 2 3244088
E-mail: mma@mchamber.mk * http://www.mchamber.mk

# СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
# ECONOMIC CHAMBER OF MACEDONIA

FS 549642

Во оваа прилика сакаме да потсетиме дека ММА беше вклучена од самиот старт во изнаоѓање квалитетни решенија во медиумската сфера и дадовме конструктивен придонес за целосно деполитизирање на АВМУ. Така што, пред избори наместо деполитизација добивме дополнителна политизација со уште едно партиско тело наречено АД ХОК комисија, чие мнозинство го сочинуваат луѓе директно избрани по предлог на политичките партии без никаков стручен бекграунд за мониторирање на работата на телевизиите.
Тоа беше само врвот на избрзаните и палијативни решенија кои треба да вршат надзор на нашата работа, преточени во методологија за мониторинг која волунтаристички се менува пред секој изборен циклус, на очигледна штета на нашите телевизии.

Петте приватни национални телевизии членки на ММА ваквата методологија која е спротивна на законот, и дискриминирачка во однос на телевизиите не ја прифаќаат, и доколку истата не биде ургентно повлечена и корегирана, правно ќе ја оспорат, како директно спротивна и штетна на Изборниот Законик.

| Канал 5 | Сител | Телма | Алфа | Алсат-М |
| --- | --- | --- | --- | --- |

ALSAT M